четива. За да дојдам период од животот кога ги обожавав стриповите на Алан Мур и Нил Гејман. Сега сум под импресии на Грент Морисон (The Invisibles), Ворен Елис (Transmetropolitan). А дополнително го откривам јужно-американскиот стрип, па ги читам со задоволство: Ходоровски, Санз. Последно нешто што ми се допадна беше Uchronie(s) на Ерик Корберијан. Од друга страна пак, бидејќи она што го предавам на школата за стрип на ИДЕА е поврзано со политички ангажираниот стрип, неодминливи автори ми станаа и: Spiegelman, Satrapi, Delisle, Guibert, Garside, Sacco, Subhash Vyam и др.

# КЛАСИЧНОТО НАСПРОТИ ДИГИТАЛНОТО ЦРТАЊЕ

СМИЛЕ ЦВЕТАНОВСКИ





Цртање е цртање без разлика на медиумот сѐ додека креираш нешто што веруваш дека е доживеано и твое, и изработено во твој стил кој е твој личен печат. Се разбира има и полесни начини на креирање слика било да се работи за стрип, илустрација или друг медиум. На пример ако не ви оди добро со молив може во Adobe Illustrator или Corel со 2, 3 клика, не ви треба ниту таблет, да „креирате“ слика која ќе наликува на цртеж. Но тоа ни оддалеку нема да ве направи цртач исто како што поседувањето на добра DSLR камера не ќе ве направи добар фотограф. Потешкиот пат добро го објаснува една позната анегдота за Хокусаи, кој на прашањето колку време му требало да нацрта еден стилизиран цртеж на животно одговорил: цел живот. Цртањето е вештина која се учи целиот живот и во моментот кога ќе си кажете е сега знам да цртам, всушност престанувате да се развивате како цртач и автор. Единствената разлика во цртањето стрипови и илустрации од пред 30 или 50 години и сега е дека денес авторите покрај традиционалниот, аналоген пристап го имаат и дигиталниот пристап со сите алатки кои денешните софтвери како Photoshop или Corel Painter ги нудат.

Што се однесува до цртањето со пен и таблет секако дека постојат разлики во однос на класичното цртање на хартија. Најголемата разлика или предност на таблетот е огромната контрола што ја имаме во креирањето на цртежот, сликата, можноста да се контролира буквално секој потег и неговата корекција, т.е. бришење без деструкција на претходната состојба на цртежот или медиумот, хартијата, како и работата со повеќе лејери, филтри и големиот број на алатки за цртање и сликање кои дигитално ги имитираат традиционалните алатки за креирање слика односно цртеж. Што се однесува до мојот пристап на креирање најчесто ги комбинирам традиционалниот и дигиталниот начин на работа, сепак преферирам цртежот да го изработам на хартија, така имам поголема контрола врз потезите и побрзо го завршувам цртежот. Потоа го скенирам и дигитално го доцртувам, коригирам, за на крај да го обојам, во Photoshop или Corel Painter.

Работам со Wacom, професионален графички таблет кој има добар избор на променливи врвови за цртање, со различна мекотија и ефект во цртањето. Талентот, вештината и имагинацијата остануваат главните и најважни „алатки“, кои авторот ги има или нема кога ќе треба да ја пополни белината на листот на масата или на неговиот PC. Сѐ останато е копирање, трејсување, фотомонтажа или некоја друга замена за вистинскиот цртеж кој авторот директно го пренесува на празниот медиум. Во таа смисла за мене едни од најдобрите цртачи работеле пред 20 или 30 илјади години пред нашата ера кои во пештерите како Шове во Франција или Алтамира во Шпанија ни ги оставиле неверојатните црежи на диви животни кои што со својата стилизација и анатомска верност претставуваат најдобар пример за тоа дека дури и парчето јаглен во рацете на добар цртач преставува моќна алатка.

СМИЛЕ ЦВЕТАНОВСКИ,
стрип автор и илустратор